**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-221/3**
**Скопје, 29.05.2007 година**

**ДО**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Собрание на Република Македонија за 2006 година на сметката за редовно работење, кои се прикажани од страните 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Собранието на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Љупчо Јордановски - Претседател на Собранието до 16.06.2006 и
   - Александар Новаковски- Генерален секретар до 14.04.2006 година

   - Љубиша Георгиевски - Претседател на Собранието од 01.08.2006 година и
   - Рокса Георгиевска и Фелек Касами- заменици на Генералниот секретар од 14.04.2006

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 13.03 до 27.04.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Систем на интерни контроли во процесите

### 10.1.1. Процес на плаќања

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на готовинско и безготовинско плаќање, ревизијата констатира дека се воспоставени интерни контроли и истите функционираат на начин кој гарантира дека:

- плаќањата се направени само за примените добра и услуги
- не постои можност за располагање со парични средства без одобрение на овластено лице.

Имено, постои јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените како и јасно дефиниран систем за одобрување на трансакциите.

### 10.1.2. Процес на јавни набавки

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на јавни набавки ревизијата констатира дека се воспоставени интерни контроли и истите функционираат на начин кој гарантира дека:

- при спроведувањето на постапките за јавни набавки се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки како и методологијата од Министерството за финансии;

- јавните набавки кои се спроведени во Собрание на Република Македонија во 2006 година ги одразуваат реалните потреби на субјектот;
- обезбедена е фер конкуренција за еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентост и јавност;
- одговорното лице во Собрание на Република Македонија ги почитува Одлуките за избор на најповолен понудувач на Комисијата за јавни набавки.

### 10.1.3. Процес на исплата на плати на вработените во Службата на Собрание на Република Македонија

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во Службата на Собранието, ревизијата констатира дека се воспоставени интерни контроли и истите функционираат на начин кој гарантира дека исплатените плати се однесуваат само за вистински извршената работа, односно постои ефикасна дневна и месечна евиденција за присуство на вработените во сите сектори.

### 10.1.4. Процес на евиденција на присуство на пратениците на седници и работни тела

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на евиденција на присуство на пратениците на седници и работни тела, ревизијата констатира дека истиот не гарантира дека:

- исплатените плати на пратениците се однесуваат за вистински извршената работа (присуство на седници);
- исплатените надоместоци се однесуваат за вистинско користење на сопствено возило за службени цели.

Имено, не постои соодветна евиденција и контрола на присуството на пратениците на Собраниските седници, односно пред почетокот на секоја седница, во евидентен лист за присуство, пратениците се потпишуваат и се изјаснуваат за видот на превозот.

При исплатата на платата на пратениците земени се предвид само неоправданите отсуства, за кои согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија соодветно се намалува платата. За оправданите отсуства, кои се пријавуваат на Претседателот на Собранието пред почетокот на секоја седница не постои ограничување во однос на бројот и причината за истите. Во Деловникот на Собранието не се наведени критериуми според кои се оценува оправданоста на отсуството на пратениците, со што оправдувањето е субјективна определба на Претседателот на Собранието.

Согласно Законот за пратениците, основна функција на пратеникот и негова должност е да присуствува на седниците на Собранието и работните тела за што добива плата.

Со Одлуката за висината на надоместокот на пратениците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина, пратениците имаат право на надомест во износ од 30% од продажната цена на еден литар гориво според изминат километар за возилото кое го користат и надоместок на трошоци за исплатените патарини врз основа на фискални сметки или службени белешки.

При исплатата на наведените надоместоци, пратениците не приложуваат фискални сметки или службени белешки кои би го докажале вистинското користење на сопственото возило за службени цели. Со тоа се доведува во прашање оправданоста на исплатата на овие надоместоци.

Со цел да се обезбедат соодветни докази за оправданоста за направените расходи, Собранието на Република Македонија треба да:

- утврди критериуми за оценување на оправданоста за отсуството на пратениците во Деловникот на Собрание на Република Македонија;
- воспостави соодветни контролни механизми кои би гарантирале дека надоместоците на пратениците се исплаќаат за вистинско користење на сопствено возило за службени цели.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 -----------------------------

10.1.5. Со актот за организација и систематизација на Собранието на Република Македонија предвидено е формирање на Одделението за внатрешна ревизија, кое сеуште не функционира, поради недоволна екипираност на истото.

Имајки ја предвид значајноста на функцијата на внатрешната ревизија укажуваме на неопходноста од јакнењето на нејзиното функционирање. Истата треба да претставува независна објективна активност која ќе му помогне на раководството во проценката и подобрувањето на успешноста во процесите на управување со ризикот од злоупотреби и грешки и обезбедување правилна примена на важечките законски прописи.

## 10.2. Спроведување на законските прописи

10.2.1. Согласно Законот за пратениците, за присуство на седниците на Собранието на Република Македонија и на работните тела на Собранието, на пратениците им е исплатен поединечен надомест во висина на дневница за службено патување во земјата во вкупен износ од 4,707 илјади денари.

И покрај препораката на ревизорите по извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 и 2005 година дека не постои законски основ за исплата на овој надоместок, Собранието и до месец април 2006 год го исплаќа, кога истиот е укинат со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Собранието на Република Македонија на ден 31 Декември 2006 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.2. кај Собранието на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. Преземени се мерки од страна на субјектот за дел од препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2005 година и тоа:
    - Се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки
    - Со пописот за 2006 година извршено е усогласување на сметководствената евиденција на обврските со фактичката состојба на истите.

## 14. Ревизијата е на мислење дека е потребно да се обелодени следното:

Со увид во сметководствената евиденција, ревизијата констатира дека во текот на 2006 година исплатени се средства на пратениците во износ од 17,833 илјади денари по основ на надоместок за користење на автомобили во лична сопственост за службени цели, во висина од 30% од продажната цена на еден литар гориво според изминатиот километар за возилото кое се користи. По истиот основ евидентирани се неплатени обврски за 2006 година во вкупен износ од 24,952 илјади денари, кои се планира да се исплатат во 2007 година.

Надоместокот се исплаќа врз основа на Одлука за висината на надоместокот на пратениците за користење на автомобили во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина, донесена од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Како основ за носење на Одлуката наведен е член 31 став 1 алинеја 10 од Законот за пратениците.

Согласно Законот на пратениците и Деловникот на Собранието на Република Македонија присуството на седници и работни тела на Собранието е редовна работа на пратениците.

Согласно Законот за извршување на Буџет на Република Македонија, надоместок за превоз до и од работното место, се исплатува на вработените и избраните и именувани функционери, каде спаѓаат и пратениците, чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место, но не повеќе од 900 денари месечно.

Со оглед на значајноста на фискалните импликации врз Буџетот на Република Македонија кои произлегуваат од Одлуката за висината на надоместокот на пратениците за користење на автомобили во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина (42,785 илјади денари- во 2006 година) ревизијата укажува на фактот дека со Одлуката се опфатени активности за службени цели кои според Законот за пратениците и деловникот претставуваат редовна и задолжителна активност.

**Скопје, 29/05/2007 година** **Овластен државен ревизор**

## Собрание на РМ
## Сметка за редовно работење
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

(000) ден

| Опис | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 322,715 | 341,010 |
| **Вкупно приходи** | **322,715** | **341,010** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 202,957 | 161,033 |
| Резерви и недефинирани расходи | 74 | 90 |
| Стоки и услуги | 109,614 | 142,024 |
| Субвенции и трансфери | 373 | 251 |
| **Вкупно тековни расходи** | **313,018** | **303,398** |
| **Капитални расходи** | | |
| Купување на капитални средства | 9,697 | 37,612 |
| **Вкупно капитални расходи** | **9,697** | **37,612** |
| **Вкупно расходи** | **322,715** | **341,010** |

**Собрание на РМ**
**Сметка за редовно работење**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

(000) ден

| Опис | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1 | 566 | 1,392 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2 | 482 | 63 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3 | 58,177 | 26,086 |
| Залихи | 4.1.4 | 1,475 | 2,058 |
| **Вкупно тековни средства** | | **60,700** | **29,599** |
| **Постојани средства** | **4.2** | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 405,51<br>5 | 421,653 |
| Материјални средства во подготовка | | 2,707 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **408,222** | **421,653** |
| **Вкупна актива** | | **468,922** | **451,252** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 17,692 | 2,867 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 20,104 | 8,469 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3 | 2,522 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4 | 17,859 | 14,750 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5 | 1,048 | 1,455 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **59,225** | **27,541** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | **4.4** | 409,69<br>7 | 423,711 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **409,697** | **423,711** |
| **Вкупна пасива** | | **468,922** | **451,252** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

**Собрание на Република Македонија**
**Сметка за редовно работење**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјал) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **421,653** | **2,058** | **423,711** |
| **Зголемување по основ на:** | **9,909** | **5,598** | **15,507** |
| Набавки | 6,990 | 5,598 | **12,588** |
| Бесплатно добиени средства | 212 | | |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 2,707 | | **2,707** |
| **Намалување по основ на:** | **23,340** | **6,181** | **29,521** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Потрошок на залиха на материјали | | 6,181 | **6,181** |
| Амортизација | 23,340 | | **23,340** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **408,222** | **1,475** | **409,697** |